INTERCERT ISO 9001 QMS CERTIFIED

Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 10 - 6716
02 04 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 28 став 4 и член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров упатува

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Орман, Блок 2, Општина Ѓорче Петров, плански период 2024-2034, Предлог план**

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот , подрачјата соседни на планскиот опфат , широката јавност , претставници на стручната јавност, претставници на државната управа, претставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот опфат, (учесници), дека се организира јавна презентација и јавната анкета на

**Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Орман, Блок 2, Општина Ѓорче Петров, плански период 2024-2034, Предлог план, со техн. бр. 67/2024 од март 2026, изработен од ИН ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДООЕЛ Скопје.**

Јавната анкета ќе се спроведе во периодот од **27 04.2026 год. до 29.05.2026 год.**, во кој рок може да се доставуваат забелешки и предлози од учесниците на јавната анкета и презентација, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам и по електронски пат до веб адресата на општината: e-mail: kontakt@opstinagpetrov.gov.mk и во писмена форма со доставување на анкетни листови преку архивата секој работен ден од 8-16 часот, кои можат да се добијат од архивата или од веб страната на општината.

Јавната презентација ќе трае еден работен ден, а ќе се одржи на **29.04.2026 год., (среда) , со почеток во 14$^{00}$ часот**, во просториите на Општина Ѓорче Петров, сала на приземје.

Графичкиот прилог на предлог планот ќе биде изложен во просториите на општинската зграда на Општина Ѓорче Петров, на ул. „Ѓорче Петров“22- Ѓорче Петров, Скопје и на веб страната на општината.

Опфатот на **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Орман, Блок 2, Општина Ѓорче Петров**, е сместен во северозападниот дел на селото

и го зафаќа блокот **2**, дефиниран со постојниот Урбанистички план за село Орман, Општина Ѓорче Петров (2009-2019).

**Границите на опфатот** се совпаѓаат со границите на **Блокот 2** дефиниран во важечкиот Урбанистички план за Село Орман, општина Ѓорче Петров, донесен со Одлука бр. 07-42/4 од 22.01.2010 год:

- На **Север** границата се движи по осовината на планираната улица 4 со важечкиот Урбанистички план за село Орман.
- На **Исток** границата се движи по осовината на планираната улица 8 со важечкиот Урбанистички план за село Орман
- На **Југ** се движи по осовината на планираната улица 3 со важечкиот Урбанистички план за село Орман
- На **Запад** границата се движи по осовината на планираната улица 6 со важечкиот Урбанистички план за село Орман

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **9,05** ha.

МАПА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ






**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

**Александар Стојкоски**

**Изработил:**
Е. Ќулумоска, д.и.а.
**Одобрил:**
Ф. Ефтимов д.и.а.